Македонија

# ШЛАКАНИЦА ЗА СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ И СПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**Македонија гори не само поради високите тропски температури, туку и поради неорганизираност, политичка лакрдија, личен инает и долгогодишна стагнација во инвестирањето во противпожарниот систем на државава.**

**Сегашната кризна состојба покажа дека не постојат основни услови за функционирање на т.н. систем на управување со кризи.**

**Притоа, недоблесната човечка и политичка неодговорност на поранешниот директор на Дирекцијата за справување и управување со кризи покажа дека постојат сериозни дисфункции во управувањето и во справувањето со кризните ситуации во РМ.**



НОВИ КРИЗНИ ЖАРИШТА СЕ ПОЈАВИЈА ВО ГОСТИВАРСКО

# ПОЛИТИЧАРИТЕ ПИЕЈА АНГЛИСКИ ЧАЈ, ДОДЕКА ОГНОТ "СЕ ШЕГУВАШЕ" СО ХРАБРИТЕ ПОЖАРНИКАРИ

Пишува: **Кокан СТОЈЧЕВ**

Освен човечкиот фактор, на испитот падна и државава, која одамна требаше да ги научи лекциите од минатото, кои се појавуваа на теренот, а примерите со пожари или со поплави значеа предупредување, односно шлаканица за локалната заедница, но и за земјава. Поради ова, огнот веќе ја зеде првата жртва. Акцијата за гасење на големиот пожар покрај Битола ги "напрегнува"сите расположливи човечки сили кои постојат во државава. Пожарот кој беснее крај Битола е со сличен интензитет на оној кој со денови се "шегува" со пожарникарите и со војниците околу Катланово во Скопско. Исто така, тој владее во Тетовско, додека во Демирхисарско човечкиот инает е поголем од интересот на заедницата, односно на државата. Новите единици на АРМ интервентно се вклучуваат во битолското кризно жариште, а заменик-началникот на АРМ, Адил Газафер, изјави дека со посебни напори е оспособен еден хеликоптер на воздухопловниот ВИНГ на АРМ, кој пред да се упати за Битола, веќе е употребен за исфрлање вода над жариштата од пожарот во Катланово, Скопско, кој е локализиран, но сè уште не е изгаснат. Се очекува да биде оспособен за летање уште еден хеликоптер на АРМ, кој во зависност од потребата ќе биде ангажиран за гаснење на пожарите во Битола или во Катланово.




